Јасминка Фришчиќ и Дарко Антиќ



# ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ВО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА СОЦИЈАЛНА И ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО








Sida
SWEDISH INTERNATIONAL
DEVELOPMENT COOPERATION AGENCY

BALKAN
CIVIL
SOCIETY
DEVELOPMENT
NETWORK

ХОПС
ОПЦИИ ЗА ЗДРАВ ЖИВОТ СКОПЈЕ

Септември, 2021



# Граѓанските организации во обезбедување на социјална и здравствена заштита на локално ниво

Септември, 2021

Издавач: Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

За издавачот: Хајди Штерјова Симоновиќ, извршна директорка, Здружение ХОПС – Опции за здрав живот Скопје

Наслов: **Граѓанските организации во обезбедување на социјална и здравствена заштита на локално ниво**

Автори: **Јасминка Фришчиќ и Дарко Антиќ**

Уредник: Влатко Деков

Лектура: Весна Костоска

Дизајн: Пеѓа Радојевиќ

Оваа публикација е подготвена во рамките на проектот „Граѓанските организации во Западен Балкан и нивната улога во обезбедувањето социјални услуги и превенција од социјална исклученост", финансиран од SIDA –Swedish International Development Cooperation Agency а имплементиран од BCSDN – Balkan Civil Society Development Network.

Содржината на оваа публикација како и информациите и ставовите презентирани во неа не ги претставуваат официјалните ставови и мислења на SIDA и BCSDN. Одговорноста за информациите и ставовите презентирани во оваа публикација е на авторите.

Sida

This material/production has been financed by the Swedish International Development Cooperation Agency, Sida. Responsibility for the content rests entirely with the creator. Sida does not necessarily share the expressed views and interpretations.



СОДРЖИНА


ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА ............ 4

МЕТОДОЛОГИЈА ............ 4

ВРШЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА ............ 6

ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ ............ 12

СПЕЦИФИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ ............ 14

АНАЛИЗА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ПО ОПШТИНИ ............ 18

АНАЛИЗА НА ИЗВРШЕНИТЕ ТРАНСФЕРИ ОД БУЏЕТСКАТА СТАВКА 463 ОД ЛОКАЛНИТЕ САМОУПРАВИ ВО РСМ КОН ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ ВО 2020 ГОДИНА ............ 32

## ПРЕДМЕТ НА АНАЛИЗА

Оваа анализа има за цел да утврди дали социјалната заштита планирана на локално/општинско ниво предвидува соработка со ГО како вршители на предвидените мерки и активности од областа на социјална и здравствена заштита предвидена со плановите за социјална заштита и доколку се планирани за каков вид на активности и на кој начин се поддржани. Следното прашање е колку реално ГО сеподдржани од страна на локалните власти, односно дали навистина добиле средства, дополнително на она што е планирано.

## МЕТОДОЛОГИЈА

Во утврдување на целите на оваа анализа, во смисла на тоа дали и како ГО се предвидени како вршители на социјална заштита, основен извор на податоци кој го користевме беа Програмите за социјална, детска и здравствена заштита на локално ниво за 2020 година, односно последната година за која на располагање има и завршни сметки за нивна реализација. Беа анализирани само програмите кои беа јавно достапни на веб страните на општините, најчесто од Службените гласници. Во смисла на пристап, најпрвин ги анализиравме програмите на локалните власти и соодветно на содржината дадовме одговор на поставените прашања на оваа анализа (целите на оваа анализа) индивидуално за секоја општина, а потоа извлековме заклучоци за состојбата воопшто.

Дел од анализата е посветен на анализа на буџетите на локално ниво која има за цел да го прикаже нивото на соработка помеѓу општините и ГО во обезбедување на локални јавни услуги, со фокус на оние поврзани со социјалната заштита и заштитата на деца (буџетска програма В2), и здравствената заштита (буџетска програма Т1). Дополнително, оваа анализа дава и приказ на износот на средства кој локалните самоуправи во РСМ ги издвоиле и платиле на граѓанските организации во 2020 година за спроведување на активности од значење на локалните заедници врз основа на анализа на извршените трансфери од буџетската ставка 463 "трансфери до невладини организации". Оваа ставка во себе вклучува шест буџетски потставки, и тоа: 463110 (трансфери до здруженија на граѓани и фондации); 463120 (трансфери до спортски клубови);463130 (трансфери до Македонски олимписки комитет); 463140 (трансфери до организации кои се грижат за постари и хендикепирани лица); 463160 (трансфери до хуманитарни организации); и 463190 (останати трансфери до невладини организации). Сите податоци за извршените трансфери опфатени во оваа анализа се засноваат на објавени информации на порталот за отворени финансии (https://open.finance.gov.mk/mk/home). И на крајот, со цел поблиску да се утврдат намената и примателите на овие трансфери извршени од локалните самоуправи, анализирани се информации објавени во завршните сметки и годишните извештаи за работењето на 35[1] селектирани општини објавени на нивните официјални интернет страници.

Општините кои беа селектирани се наоѓаат низ целата територија на земјата, вклучувајќи го град Скопје и неколку општини од територија на град Скопје. Преглед на општините и програмите кои беа анализирани се прикажани во анекс 1.

Оваа анализа исто така се базира и на одговорите на ГО кои нудат социјални и здравствени услуги, членки на неформалната мрежата предводена од ХОПС во однос на тоа во кој регион ги спроведуваат услугите, кои видови на социјални и здравствени услуги обезбедуваат и на која целна група, дали нивните услуги се бесплатни, кои извори на финансирање ги имаат со цел да ги обезбедат услугите, нивните познавања во однос на тоа дали општината/општините во која работат има план за социјална заштита, дали тие или останатите ГО биле консултирани при подготовка на плановите, дали во планот се предвидени средства за ГО и за која намена, колкав е износот на средства предвиден за ГО вообичаено, дали тие добиле средства за социјална и здравствена заштита или пак по некој друг основ и дали знаат други ГО кои добиле средства. До завршување на оваа анализа беа доставени одговори од вкупно шест ГО[2].

1 Град Скопје, Битола, Штип, Тетово, Куманово, Велес, Охрид, Струмица, Гевгелија, Кичево, Струга, Пехчево, Гостивар, Кратово, Виница, Св. Николе, Кочани, Аеродром, Центар, Карпош, Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Ново Село, Старо Нагоричане, Македонски Брод, Чашка, Прилеп, Неготино, Радовиш, Делчево, Берово, Крива Паланка, Ресен, и Кавадарци.

2 Здружение за поддршка на луѓето што живеат со ХИВ-ЗАЕДНО ПОСИЛНИ Скопје, Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените-ЕСЕ, КХАМ, Здружение за помош и ресоцијализација на зависници и други маргинализирани и стигматизирани социјални групи Опција Охрид- Охрид, и Здружение на граѓани Зона, Кавадарци, ЗГ СОС Детско село, Северна Македонија.

# ВРШЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНО НИВО ОД СТРАНА НА ЗДРУЖЕНИЈАТА

Вршењето на социјална заштита од страна на општините се заснова на нивните надлежностите кои воглавном се предвидени со Законот за локална самоуправа и Законот за социјална заштита. Од овие закони, вториот низ годините претрпе повеќе измени во насока на наменување на посериозен и обврзувачки мандат на општините во вршење на оваа заштита. Па така, во 2009 година општините беа обврзани да подготвуваат и усвојуваат годишни програми за социјална заштита со тоа што програми се доставуваат на мислење на МТСП. А последните измени во однос на обезбедувањето на социјални услуги од страна на општините воведени со Законот за социјална заштита[3] од 2019 година(Службен весник на РСМ, бр. 104 од 23.05.2019 година), имаат за цел да го намалат степенот на централизација на овој вид на заштита и со тоа да дадат поголеми овластување и иницијативност на општините во обезбедување на социјални услуги.

Од друга страна финансирањето на социјалните услуги се предвидува со Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа и Законот за Град Скопје во однос на оваа општина. Во начело финансирањето на активностите од оваа област се обезбедуваа од три извори и тоа: Буџетот на РМ, сопствени извори на приходи на општините и задолжување.

Здруженијата и физичките лица пак може да вршат работи од областа на социјалната заштита, под услови утврдени со закон. Пред донесување на Законот за социјална заштита во 2019 година, еден од условите за здружението да врши вакви услуги беше да биде регистрирано во регистарот на МТСП. Во регистарот се впишува а здруженијата кои активно работат во оваа област најмалку три години од денот на нивно основање, имаа реализирано најмалку три проекти, имаа соодветен простор и кадар, и имаа доказ за економско и финансиско работење. Постапката за упис се одвиваше на начин што Комисија го разгледуваше барањето за упис, вршеше увид  со цел проверка на исполнување на утврдените услови и подготвуваше мислење врз основа на кое министерот донесуваше решение. Овие здруженија можеа понатаму да се јават на јавен повик и да добијат средства, а оние кои добиле средства склучуваа договор. Надзор врз нивното работење вршеше МТСП и во случај на ненаменско трошење или неспроведување на активностите за кои се добиени средства соодветно на начинот утврден во

3 https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2019/28.5_zakon_SZ.pdf

конкурсот. Министерството можеше да го прекине финансирањето и да го раскине договорат по што започнуваше постапка на враќање на веќе применете средства. Со Законот од 2019 година вршењето на социјална заштита од страна на здруженијата се менува. Подолу ќе бидат презентирани овие измени.

Од 2017 година МТСП спроведува процес на реформи на системот на социјална заштита и состојбите како и предлозите за менување на системот поддржан од Светска банка беа објавени во 2019 година во публикацијата Социјална заштита во Македонија: регулатива и практика. Наодите од оваа публикација ќе ги прикажеме подолу од причина што сакавме оваа да видиме дали анализата на Програмите за социјална заштита, односно вршењето на социјални услуги од страна на здруженијата на граѓани е сменета во 2020 година, иако тоа не може да се очекува поради краткиот временски период пред и по донесување на овој закон.

Социјалната заштита на локално ниво генерално, како и по однос на здруженијата како вршители на овој вид на заштита според оваа публикација се одликува со следните состојби[4] :

- недоволна инволвираност на општините во обезбедување на обезбедување и достава на социјалните услуги
- обврска за донесување на програми од областа на социјалната заштита во согласност со националните стратешки правци за развој на социјалната заштита
- Град Скопје и општините на територија на градот Скопје со своја одлука и во согласност на нивните можности утврдуваат и други права од областа на социјалната заштита, права во поголем обем и поповолни услови. Тие исто така можат да здружуваат средства и да формираат заеднички јавни служби согласно на Законот за меѓуопштинска соработка
- меѓународните и невладините организации се иницијатори се оние кои го поттикнуваат вршењето на социјални услуги од страна на општината
- сите општини предвидуваат исплаќање на еднократна парична помош во случај на социјален ризик, најчесто ги поддржуваат лицата со попреченост и старите лица со кофинансирање на услугите или во инфраструктурна смисла
- паричните средства се доделуваат за различни намени (болест, елементарни непогоди, новородени, лекови, превоз, градежен материјал итн.) и на различен начин
- општините не се вклучени во обезбедување на социјални услуги за граѓаните во нивната општина, и нема систем на услуги приспособен на потребите на граѓаните
- поради недоволно финансиски средства и финансиска нестабилност на дел од општините, тие не ги препознаваат социјалните услуги, односно проблеми како клучно прашање од јавен интерес
- нерамномерен развој на капацитетите на општините за вршење на работи од социјална заштита, во смисла на планирање, развој и издвојување на финансиски средства
- не поседување на капацитети на општинската администрација за занимавање и развивање на социјална заштита, а во некои општини не ни постојат сектори кои се занимаваат со ова прашање, а во одредени иако постојат, нема вработени лица

4 Социјална заштита во Македонија:регулатива и практика, МТСП, 2019 година https://repository.ukim.mk/bitstream/20.500.12188/6532/1/SOCIJALNA%20ZASTITA%20VO%20MKD%20so%20korica.pdf

- во однос на стратешкото планирање, има мал број на усвоени развојни и стратешки документи, општините се исклучени од планирањето по однос на ова прашање на национално ниво, нема анализа на состојбите во смисла на утврдување на фактичката состојба пред донесување на планови итн., општинските планови се подготвуваат без да се соработува со останатите локални актери, усвоените документи не се реализираат во целост или делумно со образложение дека недостасуваат финансиски средства итн.
- локалните планови и иницијативи кои се изработуваат се на иницијатива на невладини или меѓународни организации, кои и покрај тоа делумно или воопшто не се спроведуваат
- општините не располагаат со збирни податоци во однос на издатоците за социјална заштита и тие се бележат под кабинет на градоначалник, секретар на општина, Сектор за јавни дејности, одделение за соработка со невладини организации, совет на општината итн.
- во текот на годината средствата наменети за социјална заштита се пренаменуваат
- дел од давањата на општината не се препознаваат како социјална заштита итн.
- исклучок во смисла на планирање, развој и реализирање на социјалната заштита преставува град Скопје кој покрај останатото има и развиено долгогодишна соработка здруженијата кои обезбедуваат социјална услуги
- во однос на обезбедувањето на социјални услуги од страна на општината тие дел од овие услуги ги реализираат преку поддржување на дневни центри/организациони единици на ЦСР, дневни центри управувани од здруженија, и поддршка на верска организација во обезбедување на социјални услуги
- општините ги подржуваат невладините организации преку распишување на конкурс за финансирање на НВО, со тоа што во одредени општини се избираат НВО со кои се реализираат активностите планирани со програмата за социјална заштита, а во некои повикот служи за планирање на средствата за буџетот за следната година
- започнати се процеси на градење на партнерски однос со невладиниот сектор како на пример преку проектот на ГИЗ за отворање на Центри за социјални услуги, и проектот за општинско корисни работи на УНДП
- соработката со установите од областа на здравството, образованието, и вработувањето се соочува со низа преки, додека соработка со приватниот сектор не постои итн.

**Што воведува Законот за социјална заштита од 2019 година?**

Со Законот се предвидува дека Републиката и општините, градот Скопје и општините во градот Скопје обезбедувањето на социјалната заштита можат да го вршат преку основање на установи за социјална заштита или пренесување на вршењето на работи од социјалната заштита на здруженија, други правни и физички лица, при што пренесувањето, односно меѓусебните права и обврски се уредуваат со управен договор (член 7).

Се формира мрежа на овластени даватели на социјални услуги од страна на МТСП, во која влегуваат здруженијата со кои МТСП, односно општината, градот Скопје и општините во градот Скопје склучиле управен договор за давање социјални услуги, а оние здруженија кои не се во мрежата можат да даваат социјални услуги доколку добиле дозвола за вршење на работи од социјална заштита (член 8).

Во однос на тоа кој вид на услуги може да ги дава здружението на граѓани законот предвидува дека тоа можат да бидат:

- социјални услуги во домот,
- социјални услуги во заедницата, освен услуги за ресоцијализација на деца во ризик и ресоцијализација на деца во судир со законот,
- услуги на вон-семејна заштита, освен установа за прифат на баратели на азил, воспитна установа и групен дом за деца во ризик,
- услуги на информирање и упатување,
- услуги на стручна помош и поддршка и
- услуги на советување.

Овие услуги здружението треба да ги обезбедува во согласност со издадената дозвола за вршење работи од социјална заштита (член 127). Здружението, услугите на установа за сместување, групен дом, установа за третман ирехабилитација ги дава доколку основа установа, а за социјални услуги во домот и социјални услуги во заедницата, освен услуги за ресоцијализација на деца во ризик и ресоцијализација на деца во судир со законот, може да ги обезбедува без основање на установа, преку посебна организациона единица на здружението (член 128).

Во однос на обезбедувањето на социјални услуги од здруженијата, новините воведени со Законот за социјална заштита од 2019 година предвидува министерството најмалку еднаш годишно ќе објавува јавен повик за обезбедување социјални услуги од општините, градот Скопје и општините во градот Скопје, здружение и приватен давател на социјални услуги од мрежата на овластени даватели на социјални услуги, а по потреба ќе објавува јавен повик за иновативни и интервентни социјални услуги (член 140).

За обезбедување на **социјални услуги општините треба да** основаат општински совет за социјална заштита (член 142) со одлука на советот на предлог на градоначалникот и совет за социјална заштита на планскиот регион. Општинскиот совет за социјална заштита се составува од претставници на општинската администрација, центарот за социјална работа, даватели на услуги, здруженија, верски заедници и други правни лица и физички лица кои вршат дејност на социјална заштита, установи од областа на образованието, здравствената заштита, вработувањето, полиција и/или јавно обвинителство, од подрачјето на општината. Задачата на овој совет е изготви социјален план кој ќе содржи мапирање на социјалните проблеми и ранливите групи во општината, анализа на капацитетите и расположливите социјални услуги, како и специфичните потреби за развој на социјални услуги во општината. Овој план предвидено е да преставува основа за подготовка на годишните програми на локалните власти за социјална заштита.

Покрај општинските совети, со овој закон се овозможува основање на совети на ниво на секој плански регион (членови 143 -149) со цел подобро планирање на социјалната заштита,

односно развој на облиците на социјална заштита на ниво на регионот. Овој совет за разлика од општинските го сочинуваат само градоначалникот и директорот на центарот за социјална работа, од општината на подрачјето на планскиот регион, со мандат во траење од четири години. Овој совет се формира на иницијатива од општината со најголем број жители во регионот и со него претседаваат градоначалниците од регионот на ротирачка основа од по една година.  Основна задача на овој совет е најмалку еднаш во годината до МТСП да достави предлог за потребата од развивање на социјални услуги, односно за видот и начинот на обезбедување на услугите.  Во РСМ има вкупно осум плански региони и тоа: скопскиот (17 општини), источниот (11 општини), југоисточниот (10 општини), североисточен (6 општини), пелагонискиот (9 општини), вардарскиот (9 општини) југозападниот (13 општини) и полошкиот (9 општини) регион.  Практично овој предлог на советот на регионот се зема како основа за доделување на средства од страна на МТСП на јавниот повик кој го објавува еднаш во годината на својата веб страница. Согласно на законот, МТСП рамномерно ќе ги распоредува средствата по плански региони и тоа во ист или повисок износ од средствата доделени во претходната година. **Според законот предност во финансирањето ќе имаат оние кои на повикот ќе понудат предлог на социјалните услуги да ги реализираат преку меѓуопштинска соработка, соработка со лиценцирани даватели на социјални услуги, меѓусекторска соработка и кофинансирање.** Условите и начинот на доделување на средства и скалата за бодување согласно на законот ги пропишува министерот за труд и социјална политика. На страна на МТСП, во делот за правилници нема ваков правилник[5] .

Вреди да се спомне дека начинот на обезбедување на средства (членови 150–153) за здруженијата кои обезбедуваат социјални услуги на граѓаните предвидено е да се остварува согласно Националната програма за развој на социјалната заштита во која се утврдуваат целите, приоритетите и правците на развојот на социјалната заштита на граѓаните на Република Северна Македонија (5 и 10 години), во износ кој не е помал од износот доделен во претходната година. Средствата ќе се доделуваат на јавен конкурс (во кој се наведува видот на социјалните услуги за кои се доделуваат средствата, висината на средствата кои се доделуваат, потребните документи кои се поднесуваат, роковите) при што предност ќе имаат оние здруженија кои ќе ги вршат социјалните услуги преку партнерства, меѓусекторска соработка и обезбедено кофинансирање. Условите за доделување на средствата, образецот за бодовна скала и начинот на доделување на средства на здруженијата се пропишани во **Правилникот за поблиски услови за доделување на средства, образецот за бодовна скала, начинот на доделување на средства на здруженија и други приватни даватели на социјални услуги за давање на социјални услуги**[6].

Исто така, овој закон посебно го уредува обезбедувањето на иновативни и интервентни социјални услуги (членови 154-156). Имено, во законот не е наведено што се подразбира под иновативни и интервентни социјални услуги, но, јасно е дека нив можат да ги предложат и вршат општините, здруженијата и приватните даватели. Средствата исто така ќе се доделат на јавен конкурс, а како и кај претходните доделувања на средства, за тоа министерот донесува **Правилник за поблиски услови, образецот за бодовна скала, начинот и постапката за доделување на средства за обезбедување на иновативни или интервентни социјални услуги**[7]. Иновативноста и интервентноста на социјалните услуги кои ќе се подржат се дефинирани во Правилникот.

---

5 https://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx пристапено на 17 септември
6 Службен весник на РСМ бр. 268 од 24. 12.2019 година достапен на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/2019pravilnici/27.12_pravilnik%20detska.pdf
7 Службен весник на РСМ бр. 198 од 24. 08.2021 година достапен на https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/pravilnicisocijalna/2021/pravilnik_bodovna_skala.pdf

Постапката за доделување на средства за давање на социјални услуги е исто така уредена со Законот за социјална заштита (членови 157–161) при што е утврдено дека постапката за распишување и спроведување на јавниот повик, односно конкурс ја врши комисија за обезбедување средства за социјални услуги од општините и другите даватели. Оваа комисија ја формира министерот во состав од пет члена претставници од Министерството со претходно петгодишно работно искуство во дејноста социјална заштита со мандат на работа од четири години и со можност за повторен избор. За својата работа комисијата донесува деловник за работа. Претставници на општините, на здруженијата, на јавните и приватните даватели на социјални услуги може да присуствуваат на состаноците на комисијата за обезбедување средства. Практично комисијата ги разгледува пријавите по јавниот повик, односно конкурс и во рок од 30 дена по истекот на рокот за поднесување на пријавите изготвува мислење до министерот, а министерот донесува решение за доделување на средства. Против решението на министерот може да се изјави жалба во рок од осум дена од приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. По конечноста на одлуката за доделување на средства, министерот склучува договор со општината и останатите даватели на социјални услуги кои имаат дозвола за работа. МТСП согласно законот врши контрола над општината, односно друг давател на социјални услуги во реализацијата на одредената работа од областа на социјалната заштита за која доделило средства. Примателот на средствата, пак, има обврска да го известува Министерството за реализацијата на работата од областа на социјалната заштита и трошењето на доделените средства најдоцна до 31 март за реализираните средства од претходната година и доколку средствата се трошат ненаменски или надвор од она што било предвидено во јавниот повик договорот се раскинува и се прекинува финансирањето од страна на МТСП. По раскинувањето, претходно доделените средства треба да се вратат на давателот. Овие одредби или начин на работење на МТСП е ист за сите даватели на социјални услуги.

Вреди да се спомне дека ниту една одредба за обезбедување на средства за вршење на социјални услуги не е изменет, иако овој закон до моментот на спроведување на оваа анализа е менуван пет пати.

Владата дава одобрение за основање на центар за социјална работа и установа за вонсемејна социјална заштита по претходно мислење од Министерството (член 172). Министерството дава одобрение за основање на центар за социјални услуги во заедница (член 173). Согласно на тоа, надзорот на работењето на здруженијата го врши МТСП (член 319). Министерството има право и должност да им забрани вршење на дејност од социјална заштита на правно лице, на физичко лице и на здружение кои вршат работи од областа на социјалната заштита ако врз основа на извршениот надзор утврди дека повеќе не се исполнети пропишаните услови за вршење на дејноста или дејноста се врши на штета на корисниците, а констатираните недостатоци правното, физичкото лице и здружението нема да ги отстрани во рокот определен од Министерството. Против решението за забрана на вршење на дејноста може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на приемот на решението. По конечноста на решението (член 320), Министерството го одзема одобрението за основање на центар за социјални услуги во заедница и ѝ предлага на Владата да го одземе одобрението за основање на центар за социјална работа и установа за вонсемејна социјална заштита.

# ГЕНЕРАЛНИ ЗАКЛУЧОЦИ И ПРЕПОРАКИ

Социјалната заштита на локално ниво сѐ уште се планира и се спроведува стихијно. ГО кои обезбедуваат социјални и здравствени услуги не се препознаени како значен субјект во оваа смисла и оттаму претпоставувавме дека отсуствува и нивно посериозно вклучување во процесите на планирање и спроведување на овие видови на заштита. Овој период на пролонгирана криза, предизвикана од пандемијата со ковид-19, претпоставуваме дека го одвлекла вниманието и напорите на надлежните за реформа на системот на социјална заштита според најавеното со Законот за социјална заштита од 2019 година. Анализите на програмите од 2020 година не покажуваат промени, што претставува уште една причина повеќе да се потенцира потребата од посуштинско вклучување на ГО во планирање и давање на социјални и здравствени услуги на локално ниво.

**Генерално можат да се извлечат следниве заклучоци и препораки од оваа анализа:**

Во однос на планирањето на активностите за социјална заштита на локално ниво. Социјалната заштита на локално ниво вообичаено се планира на годишно ниво преку програмите кои ги подготвуваат и ги усвојуваат општините. ВО 2020 година, само две од општините покрај годишните програми од областа на социјалната заштита имаат подготвено и усвоено повеќегодишен социјален план (Општина Битола и Општина Прилеп). ГО се делумно вклучени во подготовката на плановите или во фазата на планирање. Две од вкупно шест ГО одговорија дека биле вклучени во планирањето, од што само една во планирањето на програмата за социјална заштита, а втората била вклучена, но на други програми. Програмите за социјална заштита неретко содржат активности од други стратегии и акциски планови кои се усвоени од страна на општината, па така во една од општините оваа програма вклучува дури и активности за заштита и спасување. Ретки се општините во кои се предвидува вршење на социјални и здравствени услуги. Она што е заедничко за сите програми е доделувањето на парични средства. Вообичаено општините издвојуваат од 3 до 5 милиони денари сопствени средства за оваа програма. **Оттаму препорачуваме планирање на активности за социјална и здравствена заштита согласно на потребите на граѓаните и во координација со сите релевантни актери од оваа област кои работат на локално ниво, вклучувајќи ги и ГО кои работат на обезбедување на социјални и здравствени услуги. Во таа смисла препорачуваме преземање на посериозни чекори во насока на градење на капацитетите на општините како сериозен актер на полето на планирање и спроведување на социјалната и здравствената заштита на локално ниво, како и многу поголема независност и иницијативност при планирањето на социјалната и здравствената заштита.**

Во однос на тоа дали и како ГО се предвидени како вршители на социјална заштита на локално ниво. Само три од 13 општини планираат да вклучат ГО како вршители на некој вид активности од областа на социјалната заштита. Во однос на тоа за што се планирани ГО, дел од општините генерално ја одредуваат таа поддршка, односно не ја конкретизираат, но најголем дел од општините конкретно наведуваат за што планираат да ги подржат ГО. Активностите кои планирале општините да ги поддржат во 2020 година се: услуги на лица со интелектуална попреченост, обезбедување на услуги на лица со цел намалување на штети на злоупотреба на дроги, активности за унапредување на состојбата на Ромите, насилство врз жени и семејно насилство, поддршка на слепи лица, активности за одбележување на значајни датуми и здравствени активности, патни трошоци за корисниците на дневните центри за попреченост и патни трошоци за нивно летување и активности за надминување на последиците од развод. Најнискиот износ на доделени средства е 10 000 МКД (вкупната програма е буџетирана на износ од над 5 милиони денари), а највисокиот е 800 000 МКД (вкупната програма е буџетирана во износ од над 110 милиони денари). Вреди да се забележи дека општинските организации на Црвениот крст заземаат значајно место како даватели на социјални услуги и со тоа користат поголем дел од средствата планирани на локално ниво. **Препорачуваме, соодветно на утврдените потреби за социјална и здравствена заштита, да се предвиди и соодветно вклучување на ГО како вршители на социјални и здравствени услуги, како и соодветно алоцирање на финансиски средства. Овој вид поддршка зависно на видот на услугите да се заснова во вид на континуирана поддршка со цел да се обезбеди непречено обезбедување на потребните услуги. Да се направи разграничување на различните видови поддршка на ГО, соодветно на нивниот предмет на работа и капацитети**.

Во однос на тоа дали планираната поддршка за ГО е реализирана на локално ниво. Евидентно е дека она што е планирано за трансфер кон ГО не се реализира. И покрај планираната соработка меѓу локалните самоуправи и граѓанските организации во рамките на програмите за социјална и здравствена заштита, во 2020 година, само Град Скопје и Општина Кочани имаат исплатено средства кон граѓански организации. Она што генерално може да се заклучи во однос на финансиската поддршка е дека нема јавно достапни информации за спецификите на договорите со ГО и нема информации за намената за која се потрошени овие средства. Црвениот крст и спортските клубови примаат најголем дел од средствата наменети за ГО на локално ниво. Од информациите добиени од ГО кои членуваат во неформалната мрежа на организации кои нудат социјални и здравствени услуги може да се заклучи дека три од вкупно шест ГО добиле средства од општините во последниве 5 години за вршење на овие активности од оваа област. Едната од нив добила средства две години по ред (од 40 000 до 60 000 МКД), и тоа за вршење на услуги, една пак добивала средства секоја година (30 000 – 60 000 МКД), но за делење на хигиенски пакети и едукација на населението. Третата добила средства само една година и тоа за спроведување на проект (во износ од 500 евра). Тоа значи дека многу ретко има континуитет во давањето средства на ГО и во просек таа поддршка изнесувала од 40 000 до 50 000 МКД. Кога станува збор за финансирање на ГО по некој друг основ од страна на општините во последниве 5 години, три одговориле дека не добиле, но три потврдиле дека добиле средства. Едната од нив добила по 30 000 МКД годишно за секоја од последните пет години, и тоа за одбележување на Денот на Ромите – 8 Април. Втората, пак, добива поддршка, но не во вид на материјални средства, туку во техничка поддршка како давање на користење на сала за состаноци. И третата добила средства за четири од последните пет години во просечен износ од над 200 000 МКД (најнискиот износ на добиени средства изнесува 177 467 МКД, а највисокиот 279 229 МКД). **Препорачуваме отвореност и транспарентност на податоците за поддршка на ГО како вршители на социјални и здравствени услуги при што поддршката да се реализира според планираното**.

## СПЕЦИФИЧНИ ЗАКЛУЧОЦИ

Во овој дел од анализата се содржани повеќе специфични заклучоци кои се однесуваат на планирањето на програмите на локално ниво, предвидувањето на ГО[8] како даватели на социјални и здравствени услуги на локално ниво, особено во смисла на партнери кои имаат капацитети и можности да ги понудат потребните социјални услуги на квалитетно и задоволително ниво. Исто така, содржани се и заклучоци во однос на тоа дали предвидената финансиска поддршка е реализирана од страна на локалните власти и информациите собрани од ГО кои вршат социјални и здравствени услуги во однос на нивната вклученост во планирањето и добивањето на поддршка од локалните власти.

**Планирање на програмите за социјална и здравствена заштита на локално ниво**

- И покрај законската обврска за подготовка и усвојување на годишни програми за социјална заштита од страна на општините, за дел од општините не можевме да ги најдеме овие програми на нивните веб-страници, ниту во службените гласници на општините. Кај многу малку општини овие програми се достапни одделно на нивната страница. Повеќето треба да се пребаруваат во службените гласници, што ја намалува можноста за запознавање со нивната содржина од страна на граѓаните. Поради ова не можевме да ги анализираме програмите на приближно половина од општините.
- Две од општините, покрај годишните програми од областа на социјалната заштита, имаат подготвено и усвоено повеќегодишен социјален план (Општина Битола и Општина Прилеп).
- Забележлив е различен пристап во именување на програмата на локално ниво. Во повеќето општини, програмите од оваа област се викаат програми за социјална заштита, а потоа следуваат група на општини во кои овие програми се викаат програми за социјална, детска и здравствена заштита. Во една од општините, таа е именувана како програма за социјална и детска заштита и во две програма за социјална и здравствена заштита. Овој назив, иако треба да укажува на активностите кои се предвидени во програмата, не кореспондира со содржината. Најчесто овие програми содржат активности од областа на социјалната и детската заштита, а многу малку активности од областа на здравствената заштита, речиси исклучително.

8 Во оваа анализа за здружение на граѓани, наизменично се користат и термините НВО и граѓански организации како резултата на нивно различно користење

- Активностите од социјална заштита на општината не нужно се содржани само во програмата за социјална заштита. Во одредени општини наидовме и на програми за финансиска поддршка на НВО во која се предвидени трансфери кон НВО. Исто така од буџетската анализа може да се види дека трансфери кон НВО од страна на општината се реализираат по повеќе буџетски програми, а не само за програмата за социјална и детска заштита и програмата за здравствена заштита.

- Од содржината на програмите може да се забележи дека покрај активностите за социјална, детска и здравствена заштита предвидени се и активности од други стратегии и акциски планови кои се усвоени од страна на општината. Во таа смисла, во овие програми се вклучени најчесто активностите за унапредување на родовата рамноправност и активностите за унапредување на статусот на жената Ромка.

- Во една од општините оваа програма вклучува и активности за заштита и спасување и согласно на тоа носи назив Програма за социјална и детска заштита и заштита и спасување.

- Средствата планирани за реализирање на програмите за социјална заштита од страна на општините вообичаено се движат од 3 до 5 милиони денари, но има општини во кои за овие програми се планирани 6, 13 и 17 милиони денари. Само неколку општини имаат планирано над 40 и 80 милиони денари, а една дури и над 110 милиони денари. Не утврдивме поврзаност меѓу големината на општината и планираниот износ на програмата. Некои од овие општини во програмите ги планираат и дотациите кои ги добиваат од централната власт, а дел ги вклучуваат проектите кои се спроведуваат од различни министерства, меѓународните организации, вклучувајќи и странски организации на нивна територија, па тоа го зголемува и планираниот износ.

- Изворите на финансирање на програмите во некои општини во голема мера се планираат да бидат обезбедени од донатори, од друга страна, пак, некои програми исклучиво се засноваат на буџетот на општината. Вообичаено општините издвојуваат од 3 до 5 милиони денари сопствени средства за оваа програма.

**Дали и како ГО се предвидени како вршители на социјална заштита во програмите на локално ниво?**

- Во многу малку општински програми за социјална заштита не се планирани ГО, односно само три од 13 општини. Дел од општините ГО ги наведуваат со нивните називи, наведени се активностите за кои планираат да ги поддржат и средствата кои планираат да им ги доделат. Дел, пак, наведуваат дека ќе има трансфери кон ГО, но не наведуваат за што и колку, а дел дека ќе ги поддржат преку јавен повик. Во една од програмите е наведено дека општината има намера да ги поддржи ГО и дека ќе изнајде средства за тоа.

- Во однос на тоа за што се планирани ГО, дел од општините генерално ја одредуваат таа поддршка, па така на пример наведуваат дека ќе ги поддржат ГО во однос на помош на социјално загрозени семејства или за поддршка на активностите на ГО без при тоа да се специфицираат активностите. Но, најголем дел од општините конкретно наведуваат за што планираат да ги подржат ГО. Активностите кои се планирани да бидат поддржани во 2020 година се: услуги на лица со интелектуална попреченост, обезбедување на услуги на лица со цел намалување на штети на злоупотреба на droги, активности за унапредување на состојбата на Ромите, насилство врз жени и семејно насилство, поддршка на слепи лица, активности за одбележување на значајни датуми и здравствени активности, патни трошоци за корисниците на дневните центри за попреченост и патни трошоци за нивно летување и активности за надминување на последиците од развод. Во една од програмите беше

планирано да се соработува со ГО во подготовка на стратегија за домување. Попреченоста и семејното насилство се поддржани во најмалку две општини.

- Од износите кои специфично беа наведени во програмите дека ќе се доделат за спроведување на одредени активности на ГО, најмал износ на доделување на средства е 10 000 МКД (вкупната програма е буџетирана на износ од над 5 милиони денари), а највисок 800 000 МКД (вкупната програма е буџетирана во износ од над 110 милиони денари).
- Вреди да се забележи дека општинските организации на Црвениот крст заземаат значајно место како даватели на социјални услуги и со тоа користат поголем дел од средствата планирани на локално ниво.

**Дали планираната поддршка е реализирана од страна на локалните власти?**

- Исплатите кон граѓанските организации евидентирани во трезорскиот систем значително се разликуваат од износот на средства кој го прикажуваат локалните самоуправи во своите завршни сметки или пак годишни извештаи за реализација на буџетите за 2020 година.
- И покрај планираната соработка меѓу локалните самоуправи и граѓанските организации во рамките на програмите за социјална и здравствена заштита, во 2020 година само Град Скопје и Општина Кочани имаат исплатено средства кон граѓански организации.
- Нема јавно достапни информации за спецификите на договорите меѓу Град Скопје и Општина Кочани со граѓанските организации на кои им се обезбедени буџетски средства, односно нема информации за намената за која се потрошени овие средства.
- Црвениот крст е организација која добива најголем дел од средствата наменети за граѓанските организации во буџетот на Град Скопје.
- Шеесет и шест проценти од средствата за граѓански организации се префрлаат на спортски клубови кои имаат ист третман како и граѓанските организации.

**Дали ГО се вклучени во подготовка на програмите и дали добиле средства од локалните власти каде што обезбедуваат социјални и здравствени услуги?**

- ГО вообичаено не се вклучени во планирањето на активностите за социјална и здравствена заштита на локално ниво.
- Повеќето, односно четири од вкупно шест ГО што доставија податоци биле поддржани од локалните власти во последниве 5 години за услуги од областа на социјална и здравствена заштита, како и за останати намени.
- Континуитетот на доделување и намената за доделување на средства на ГО од локалните власти е различна, поточно многу ретко има континуитет во поддршката.
- Во областа на социјалната и здравствената заштита, по една ГО добила поддршка од локалните власти за вршење на услуги, делење на хигиенски пакети и едукација на население и за спроведување на проект.

- Во просек, поддршката на ГО од локалните власти за активностите на социјална и здравствена заштита изнесувала од 40 000 до 50 000 МКД.
- Три од вкупно шест организации добиле средства за некоја друга намена, односно за одбележување на Денот на Ромите, за образовна поддршка на децата во советувалишта и нематеријална поддршка во давање на простории за користење.
- Според должината на траење, оваа поддршка е поконтинуирана, едната организација добивала средства секоја од последниве 5 години, а една ГО четири од вкупно пет последни години. Во просек, поддршката е исто така повисока од онаа за социјална и здравствена заштита, односно над 124 000 МКД.

# АНАЛИЗА НА ПРОГРАМИТЕ ЗА СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ПО ОПШТИНИ

Во овој дел од анализата се презентирани наодите во однос на тоа како социјалната, детската и здравствената заштита се планирани на локално ниво, дали и како ГО се планирани како вршители на активности од овие области и наведени се средствата кои се планирани за нив. Содржините во оваа анализа се базираат исклучиво на содржината на програмите за социјална, детска и здравствена заштита на локалните власти кои беа јавно достапни. Предмет на анализа е 2020 година.

**Град Скопје** има предлог-програма за активностите во областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2020 година. За остварување на оваа програма планирани се средства во износ од 116 700 000 МКД. Главна цел на оваа програма е да предложи форми на социјална и здравствена грижа и да одреди приоритети во нивното решавање во рамките на своите законски овластувања за добросостојбата на своите граѓани, земајќи ги предвид различните потреби и интереси на жените и мажите, на девојчињата и момчињата. Приоритетите се: остварување социјална заштита на лица со посебни потреби (70 300 000 МКД); остварување на социјална заштита на лица засегнати од злоупотреба на дрога (3 000 000 МКД); општествено вклучување и социјални услуги за ранливите категории на граѓани (26 200 000 МКД); еднакви можности на жените и мажите, недискриминација, поттикнување и развој на лични и општествени вредности (10 400 000 МКД) и унапредување на здравствената заштита (3 000 000 МКД). Во оваа програма, под секој од приоритетите утврдени се цели и активности. Програмата има и образложение на предложените активности. ГО се споменати во спроведување на активностите предвидени под приоритет 3 – Општествено вклучување и социјални услуги. Па така, во овој дел се споменати дневните центри за лица со интелектуална попреченост: Порака (3 500 000 МКД); Дневниот центар за намалување на штети од злоупотреба на droги – ХОПС (800 000 МКД); Пунктот за прифатилиште за бездомни на Црвениот крст (700 000 МКД); поддршка на активностите на Сојузот на здруженија на пензионери на Град Скопје (1 000 000 МКД); поддршка на Дневниот центар за стари лица и на Центарот за давање помош во домашни услови на Црвениот крст на Град Скопје (2 500 000 МКД); поддршка на активности на Дневниот центар за лица со оштетен вид на Црвениот крст на Град Скопје (700 000 МКД); и поддршка на проект за помагатели на стари лица и лица со посебни потреби во соработка со Црвениот крст на Град Скопје (7 000 000 МКД). Но, во рамките на овој проект исто така се предвидени активности за кои не

е наведено кој ќе ги спроведува, па не е јасно дали ГО се јавуваат во улога на вршители. На пример, предвидени се:

- Дневен центар и советувалиште за жртви од семејно насилство во износ од1.500.000 МКД;
- Меѓуопштинска соработка за поддршка на општините за отворање на дневницентри за семејно насилство во износ од 300.000 МКД
- Дневен Центар за лица со посебни потреби (услуги и опремување) во износ од4.000.000 МКД;
- Дневен центар за деца на улица во износ од 1.200.000 МКД;
- Домување за стари и лица со посебни потреби во износ од 3.000.000 МКД.

Вреди да се спомне дека Црвениот крст е вршител и на активности на останатите приоритети на општината. На пример, формирање на социјално претпријатие во насока на работна интеграција на жени со социјален ризик.

**Општина Битола** има социјален план со важност од 2021 до 2024 година. Овој социјален план дава осврт на состојбите во општината, постоечките социјални услуги, новите социјални услуги и, што е најважно, ги идентификува социјалните ризици со идентификување на ранливите групи на граѓани, услугите кои им стојат на располагање, потребата од нови услуги и потребните капацитети за задоволување на потребите на идентификуваните ранливи групи во социјален ризик. Во продолжение планот содржи и листа на потребни капацитети, односно со кои капацитети се располага и што треба да се унапреди и финансиска конструкција за реализирање на овие услуги, вклучувајќи ги изворите на финансирање, планираната соработка и временската рамка за спроведување на предвидените нови услуги. Вреди да се спомне дека во овие нови социјални услуги планирано е да се соработува со НВО/здруженија на граѓани. Само на една од сите наведени социјални услуги не е предвидено да се соработува со НВО/здружение на граѓани. Но, исто така називот на НВО/здружение на граѓани вообичаено во овој план не е наведено. Во случајот кога е наведено, тоа е Црвениот крст и Здружението на слепи лица. На крајот на овој план има содржина која е посветена на лиценцирање на давателите на услуги при што е нагласено дека за новите социјални услуги ќе се врши дополнително лиценцирање. Исто така нагласено е дека единствен давател на услуги кој е лиценциран е општинската организација на Црвениот крст во Битола.

Општината има програма за остварување на социјална заштита за 2020 година (Службен гласник 24 од 30.12.2019 година). Вкупно за програмата се планирани 5 312 400 МКД, при што 2 700 000 МКД се приходи од ЕУ и 871 200 МКД се приходи од УНДП. Основна цел на оваа програма е општината да им помогне на граѓаните во надминување на социјалните ризици на кои се изложени и воедно да ја зајакне мрежата на услуги заедно со физичките, правните лица и здруженијата на граѓани. Следните активности се планирани со програмата: доделување на еднократна парична помош; социјална заштита на стари лица; ран детски развој; социјална заштита на лица со попреченост; и намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост. Оваа програма планира дел од активностите да ги реализира со ГО. Следните активности се планирани да се реализираат со ромски ГО: утврдување на бројот на деца Роми кои се на возраст од 3 до 5 години (20 000 МКД); кампања за подигнување на свеста кој родителите за важноста

на предучилишното ниво на образование, основно, средно образование и продолжување на факултетско образование (50 000 МКД); активности и информативни средби со ромско население за потребата од имунизација, бесплатно здравствено осигурување, сексуално-репродуктивно здравје и посета на доктор (20 000 МКД). Соработка со здруженија на граѓани е предвидена и за изготвување на предлог-мерки и предлог-стратегија за ублажување на проблемот со живеалишта (домување) на социјално ранливите категории (донација). Вреди да се спомне дека оваа програма подоцна, односно на почетокот на 2020 година, има претрпено измени (Службен гласник 1 од 3.2.2020 година), односно една од активностите е зголемување на јавното учество преку неформални средби и подобрување на човечките капацитети во образовни институции при што планираните средства за оваа активност се значително зголемени (од 50 000 МКД на 550 000 МКД со измената).

**Општина Штип** има програма за активностите на општината од областа на социјалната, детската и здравствената заштита за 2020 година (Службен гласник бр.1 од 31.1.2020 година, точка 28). За спроведување на оваа програма утврдена е потреба од 5 082 200 МКД од следниве извори: буџетот на општината, буџетот на МТСП, УНДП, претпријатија и трговски друштва, фондации и други правни и физички лица, заинтересирани партнери за соработка во земјава и странство и други извори. Активностите во оваа програма се поделени на активности за социјална заштита, активности за детска заштита и активности за здравствена заштита. Но, покрај оваа тематска поделеност, активностите во програмата всушност се поделени на активности според целната група, односно:

- доделување на еднократна парична помош
- превентивна и социјална заштита
- детска заштита
- социјална заштита на стари лица
- социјална заштита на лица со посебни потреби
- намалување на сиромаштијата и социјалната исклученост
- родова рамноправност.

Интересно е да се спомне дека со оваа програма се предвидени активностите кои се утврдени со Стратегијата за родова рамноправност на Општина Штип за 2019 до 2023 година и активности на Локалниот акциски план на Општина Штип во областа вработување, домување, образование, здравство и жената Ромка за 2017 до 2020 година. Дел од оваа програма се и повеќе проекти кои ги спроведува општината со МТСП, Министерството за локална самоуправа и меѓународни и/или странски организации како што е Инклузија на деца Роми во јавните општински установи, детски градинки, проект за поддршка на процесот на инклузија во основните училишта, проект за подобрување на социјалните услуги, проект Социјални услуги по мерка на граѓаните, проект Одговорна општина која се грижи за своите граѓани и проект Инклузија на децата кои се надвор од училиштата во образовниот систем од социјално ранливи категории. Програмата превидува доделување на средства на граѓански организации, и тоа за насилство врз жени и семејно насилство. Па така, на Здружението ЕХО за давање на бесплатна психосоцијална поддршка предвидено е да му се доделат 108 000 МКД; за организирање на спортски или културни активности за лицата со попреченост ќе се доделат средства на здруженијата на граѓани во износ од 20 000 МКД, за организирање на спортски и културно-забавни активности ќе се доделат средства на Здружението Порака во износ од 6 000 МКД, за одбележување на

делот на белиот стап ќе се доделат средства на Здружението за слепи лица во износ од 10 000 МКД. Секако, во овие наброени трансфери кон граѓанските организации не се наведени оние кои одат кон Црвениот крст.

**Општина Тетово** - *нема ваква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Куманово** - има програма за социјална заштита за 2020 година која била разгледувана на 36. седница на Советот, на 27.12.2019 година под точка 19. За жал, ние не успеавме да ја пронајдеме во служените гласници објавени на страницата на општината. Оттаму содржината на оваа програма не можевме да ја анализираме.

**Општина Велес** има посебна програма за активностите на општината во областа на социјалната заштита за 2020 година. Вкупниот износ на средства потребен за реализирање на активностите предвидени со програмата се во износ од 4 900 000 МКД. Активностите предвидени во програмата се однесуваат на социјална поддршка на заедницата, социјални услуги, општина по мерка на детето, имплементација на стратешки документи, соработка со институции, меѓуопштинска соработка и инвестиции. Во програмата не се споменуваат трансфери кон ГО.

**Општина Охрид** - *нема ваква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Струмица** има донесено програма за активностите на општината за областа на социјална заштита и заштита на децата за 2020 година во вкупен износ од 4 000 000 МКД. Покрај целите и активностите, оваа програма има дел посветен на трансфери кон НВО и трансфери до физички лица. Средствата ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, а ќе бидат наменети за програмата за социјална заштита во износ од 3 000 000 МКД и за капитални расходи за детски градинки во износ од 1 000 000 МКД. Средствата во износ од 3 000 000 МКД за програмата за социјална заштита се наменети за Шелтер проект за жртви на семејно насилство, поддршка на активности на повеќенаменски социјален центар и трансфер до Црвен крст, но без нагласување колку средства поодделно ќе бидат доделени за овие активности. Нема назначено дали и која од овие активности се врши од страна на НВО. Во однос на трансферите кон НВО е нагласено дека тие ќе се засноваат на два начина, односно прво преку идентификација, поддршка и соработка на проекти од интерес на општината и второ, врз основа на проекти поднесени од страна на здруженија на граѓани и на фондации. Јасно е наведено дека реализацијата на средствата кон НВО ќе се врши на јавен повик и дека проектите кои ќе бидат финансирани треба да се во согласност со стратешките цели дефинирани во програмата.

**Општина Гевгелија** има годишна програма за активности во областа на социјалната заштита за 2020 година. За реализација на програмата потребни се средства во износ од 3 000 000 МКД. Оваа програма е посветена на остварување на три приоритетни цели, односно остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат droги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе; помош на новородено дете, лица изложени на социјален ризик, семејства погодени од елементарни непогоди и

унапредување на социјалната заштита и подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните. Во програмата нема предвидено трансфери кон НВО, додека како субјект кој треба да спроведува некоја активност предвидена со програмата е соработник на општината во реализирање на три различни видови едукативни работилници за реализирање на приоритет 1 – Остварување на социјална заштита на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дроги и други психотропни супстанции, жртви на семејно насилство и трговија со луѓе.

Инаку, оваа програма предвидува спроведување на проекти на МТСП и на Агенцијата за вработување или вкупно четири проекти (два проекти за општинско корисна работа, односно социјално вклучување на невработени лица и обезбедување на услуги од социјалната сфера, проектот Отворена врата за социјална инклузија и градење подобра заедничка иднина и проектот Можности за сите, двата последни проекти се однесуваат на лица со посебни потреби). Општина Гевгелија има одделна програма за финансиска поддршка на НВО-секторот во 2020 година. Вкупно 700 000 МКД се предвидени за реализирање на оваа програма. Од она што може да се осознае од содржината на оваа програма е дека една НВО треба да добие средства за активности кои спаѓаат во областа на социјална заштита, односно националната алијанса за лица со посебни потреби – Центарот Мајка Тереза за работно оспособување на лица со посебни потреби треба да добие 150 000 МКД.

**Општина Кичево** - *нема аква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Струга** - *нема аква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Пехчево** - *нема аква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Гостивар** - *нема аква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Кратово** има посебна програма за активности на општината во областа на социјалната заштита и здравство за 2021 и 2019 година, но не и за 2020 година. Програмите за 2019 и 2021 година имаат цел остварување на четири цели и повеќе активности, меѓу кои: помош на социјално загрозени семејства, помош на маргинализирани групи на граѓани, помош на стари и изнемоштени лица, финансиска помош за лекување на деца, помош на семејства погодени од несреќа или елементарни непогоди, поддршка на активности за инклузија на деца со хендикеп, поддршка за збогатување на спортскиот, рекреативниот и културно-

-забавниот живот на лицата корисници на Дневниот центар на лица со ментална или телесна попреченост во Кратово, овозможување на пристап до јавните институции за лицата со телесна попреченост, организирање јавни настани за промена на јавната свест и собирање дополнителни средства за помош на социјално загрозените семејства, промовирање на вонинституционална заштита, подготовка на програми за намалување на девијантни појави кај младите, учество и поддршка на проекти, обуки, работилници и трибини организирани од здруженија со цел унапредување на социјалната заштита на граѓаните, креирање политики и развивање можности за развој на социјално претприемништво кај младите, развивање на

здравствената култура и ефикасност на здравствената заштита кај локалното население. Оваа програма содржи и табеларен приказ на активности и предвидени средства за нивна реализација, но за жал не може до крај точно да се потврди дали тие активности се во согласност со целите кои ги има поставено оваа програма. Не се споменати НВО како организација која треба да е поддржана од страна на општината за оваа област, но затоа во програмата за 2021 година има предвидени средства за УНДП, односно предвидено е учество на општината во проекти од областа на социјалната заштита со УНДП за општинско корисна работа во износ од 120 000 МКД. Инаку за реализација на програмата за 2019 година предвидени се средства во износ од 920 000 МКД, додека за реализација на програмата за 2021 година предвидени се средства во износ од 780 000 МКД. Во програмата за 2019 и 2021 година е наведено дека проектните активности реализирани од здруженијата на граѓани во областа на социјалното претприемништво кај младите луѓе може да бидат предмет на финансирање, но само доколку општината има можности за нивна реализација.

**Општина Виница** - *нема ваква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Дојран** - *нема ваква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Свети Николе** има програма за активностите на општината во областа на социјалната заштита за 2020 година. Оваа програма има пет основни цели, и тоа: обезбедување на активен однос на Советот на општината кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на социјалната заштита, изнаоѓање на форми на згрижување на социјално ранливите групи, изнаоѓање на форми за социјализација на маргинализираните групи, подобрување на стандардот на граѓаните, создавање услови за поквалитетни услуги на децата на предучилишна возраст и осовременување на училишните установи во однос на организацијата на програмските содржини и соодветни кадровски услови за инклузија на децата со посебни потреби. Активностите кои се предвидени со програма се поделени на: еднократна социјална парична помош, поддршка на социјално ранливи категории и новогодишни пакетчиња за децата од градинката и лица со посебни потреби. Оваа програма општината ќе ја финансира од четири извори, односно од средства обезбедени од блок дотации во износ од 27 665 000 МКД, средства обезбедени од целодневен престој – самофинансирачки средства во износ од 11 851 000 МКД, средства обезбедени од донации во износ од 494 140 МКД и средства обезбедени од буџетот на Општина Свети Николе во износ од 4 010 000 МКД или вкупен износ од 44 020 140 МКД. Од овие планирани средства општината планирала да потроши 1 300 000 МКД на еднократна и социјална парична помош, 600 000 МКД за поддршка за социјално ранливи категории и новогодишни пакетчиња за децата од градинката и 810 000 за лица со посебни потреби или вкупно за сите три активности износ од 2 710 000 МКД. За трансфер или блок дотации за детска градинка, како и расходи од самофинансирање за детска градинка предвидени се расходи во износ од 39 516 000 МКД и за капитални инвестиции предвидени се расходи во износ од 1 794 140 МКД (санација и адаптација на детско одморалиште во Стар Дојран и санација и адаптација на простор за детска градинка во с. Горобинци). Покрај сите таксативно наведени активности, во програмата е предвидено дека општината ќе направи напори да реализира и други активности за кои нема обезбедено средства. Општината планира и да ги поддржи активностите на отворените дневни центри за згрижување и социјализација, одбележувањето на денот на инвалидизирани лица преку програмата К4 каде што се наоѓаат сите невладини организации.

**Општина Кочани** нема програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита за 2020 година. Во оваа општина ја разгледувавме програмата за 2021 година. Во воведот е нагласено дека активностите на општината ќе се реализираат во согласност со расположливите финансиски средства. Вкупниот износ на оваа програма е 3 901 900 МКД. Предвидени се следниве активности: помош на социјално загрозените лица и лица изложени на социјален ризик во чии рамки се планира да се потрошат вкупно 1 220 000 МКД (400 000 МКД за помош во лекови, за помош во автобуски билети заради лекување надвор од градот планиран е износ од 70 000 МКД, за помош во социјален пакет за новородено дете од социјално загрозено семејство или од семејство на материјално необезбедени лица во износ од 200 000МКД, за помош за болничко лекување планирани се 50 000 МКД, за помош за лекување на тешки болни лица планирани се средства од 300 000 МКД и за помош во пакети со храна и средства за хигиена планирани се 200 000 МКД). За намалување на социјалната исклученост планирани се вкупно 330 000 МКД (за одбележување на датуми поврзани со ранливите категории на граѓани планирани се 50 000 МКД, за поддршка на работата на Центарот за донации планирани се 80 000 МКД, за обезбедување на пакети во храна и хигиена за болните од ковид-19 или друга заразна болест планирани се 80 000 МКД и за поддршка на граѓански здруженија кои работат на полето на социјална заштита планирани се средства во износ од 120 000 МКД). Ова е единствената активност за која е предвидена поддршка на ГО во оваа програма. Во оваа програма планирани се средства за повеќе проекти или вкупно за проекти планирани се 696 200 МКД (за Инклузија на деца Роми во градинките во износ од 100 000 МКД, за Програмата за општинско-корисна работа планирани се 170 000 МКД, за мобилен сервис за социјално-

-здравствени услуги планирани се средства во износ од 50 000 МКД, за проектот Подвижност за давање на социјални услуги планирани се средства во износ од 376 900 МКД). За детска заштита планирани се вкупно 330 000 МКД. За домување (помош во градежни материјали, остварување на право на додаток за домување, санација на покрив на социјална барака и изградба на објекти за домување за Роми) планирани се 1 150 000 МКД. И за реализирање и поддршка на други непланирани и дополнителни активности, барања на граѓани (реализација на непланирани активности, рекламен материјал, мапирање на социјално загрозени граѓани и одржување на трибини и јавни расправи во врска со социјалната заштита) планирани се 175.000 МКД.

**Општина Крива Паланка** има усвоено програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2021 година и соодветно на овие области предвидени се различни активности. Од областа на социјалната заштита предвидени се активности за изработка на техничка документација за изградба на дом за стари лица; еднократна парична помош за основни животни потреби, обезбедување на огревно дрво, елементарни непогоди, обезбедување на градежни материјали и други потреби за подобрување на условите за живеење; еднократна парична помош за домување на семејства кои немаат сопствено живеалиште; живеење со поддршка на стари, изнемоштени лица и лица со попреченост во посебни станбени единици; вклучување на негуватели на пазарот на трудот (лица кои се евидентирани на листата како невработени во Центарот за вработување) за стари и изнемоштени лица во градските и руралните населби; формирање на дневен центар за стари лица и центар за давање помош во домашни услови; формирање на групен дом; соработка и помош на лица со интелектуална попреченост и телесни инвалидитети; обезбедување на семејна поддршка преку соодветни сервиси за поддршка во домашни услови; вклучување на воспитно-образовни асистенти во редовниот процес на образование; изработка на социјална карта; набавка на моторно возило за реализација на предвидените активности за задоволување на потребите на старите лица, лицата со попреченост; формирање на мобилна продавница за набавка и достава на прехранбени продукти, лекови и други потреби за домаќинството на лицата на кои најмногу им е потребно. Од областа на социјалната заштита

планирани се следниве активности: еднократна парична помош на деца кои боледуваат од ретки и специфични болести; формирање, екипирање и опремување на сензорна соба за деца со специфични потреби (аутизам, Даунов синдром); мобилна амбуланта за давање на превентивни, здравствени, социјални, психолошки и советодавни услуги во домашни услови од страна на стручен тим; здравствено воспитување на населението преку организирање на едукативни трибини; здравствено воспитување на деца во предучилишната установа и на младинците во училиштата преку организирање на едукативни трибини; едукативни трибини за штетното влијание врз развојот и здравјето на децата од прекумерната употреба на мобилните телефони; едукативни трибини за зависници од наркотични средства; поддршка на здруженија на граѓани кои ќе организираат одбележување на значајни датуми и здравствени активности од областа на здравјето. За активностите од областа на социјалната заштита, општината планира средства во износ од 9 650 000 МКД. За детска заштита планира 23 889 335 МКД и за здравствена заштита планира 910 000 МКД или вкупно за целата програма износ од 34 449 335 МКД (општината од свој буџет планирала да издвои 3 049 335 МКД, а остатокот од 31 400 000 МКД очекува да го обезбеди од донатори). Како што може да се забележи здруженијата на граѓани се предвидени како некој кој ќе помогне во одбележување на значајни датуми и здравствени активности без да се назначи за што. Инаку за нив се планирани 20 000 МКД.

**Општина Берово** има посебна програма за активностите во областа на социјалната заштита во 2020 година. За реализирање на оваа програма планирани се вкупно 6 470 000 МКД. Оваа програма е составена на начин што ги објаснува целите на социјалната заштита во општината и потоа се наброени низа активности без да се нагласи кон која цел кои активности тежнеат. Но, тоа можеби е резултат на тоа што уште во воведот на програмата јасно е наведено дека во оваа програма се вклучени активностите на две јавни установи од оваа област и активности кои општината ќе ги дава за помош и поддршка во остварување на социјалната заштита. Следниве активности се предвидени со програмата: снабдување на центар за продолжен престој на лицата со телесна или ментална попреченост со соодветна опрема; помош на семејства кои имаат лице со хендикеп; згрижување во дневен центар со продолжен престој на лица со телесна или ментална попреченост, интегрирање во општеството на лица со телесна или ментална попреченост; информирање за начини на вработување на лица со телесна или ментална попреченост; анимирање на институциите кон подигање на свеста за лица со телесна или ментална попреченост; активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови дневни работилници; активирање на лица со телесна или ментална попреченост во различни видови спортски настани; обезбедување на социјални пакети на семејства со социјални проблеми и на ромски семејства; обезбедување на училиштен прибор на почетокот од учебната година на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од многудетни семејства; доделување на новогодишни пакетчиња на деца со воспитно-социјални проблеми, деца од многудетни семејства; обезбедување на парични средства за првородено дете во 2020 година на територијата на Општина Берово; обезбедување финансиска помош како еднократна финансиска помош на лица изложени на социјален ризик, социјално загрозени ученици, лица со ниски примања, лица неспособни за работа, болни лица, лица со телесна попреченост, хендикепирани лица, самохрани родители, семејства настрадани од елементарни непогоди, месни заедници и здруженија на граѓани и слично; субвенционирање на 10 кубни метри вода секој месец; мотивирање кај одличните ученици, истакнати студенти и наставен кадар по општинските училишта; згрижување на лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки“; обезбедување на интерактивен културно-забавен живот на стари и изнемоштени лица со дневен престој на стари лица во ОЈУСЗСЛ „Д-р Иван Влашки“, сервисни услуги за грижа на стари и изнемоштени лица во домашни услови со обезбедување и транспорт до домот на еден топол оброк; различни видови на мобилни социјални и здравствени услуги за старите лица во градот и руралните средини; превентивно дејствување (во соработка со педагошко-психолошка служба во

училиштата), детекција, советување, работилници; превенција од социјален ризик и подигање на јавната свест, работа со поединци и семејства во социјален ризик, јакнење на соработката на институциите на локално ниво. Оваа програма воопшто не предвидува соработка со ГО во однос на извршување на некоја предвидена активност. Здруженија се предвидени како извор на финансирање на програмата.

**Општина Делчево** има посебна програма за социјална заштита за 2020 година. За реализирање на програмата планирани се средства во износ од 13 700 000 МКД (плус даноци). Следниве активности се предвидени со програмата: социјална заштита на стари лица; деца и младинци во социјален ризик и ризик од зависности; социјална заштита на лица со посебни потреби; социјална заштита на социјално загрозени семејства; парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти; воведување на лична социјална услуга, односно образовни асистенти; општинско корисна работа и јавни работи. За активностите наменети за стари изнемоштени лица, деца и младинци во социјален ризик од зависности, за лица со посебни потреби и за воведување не лична социјална услуга, односно образовни асистенти, според програмата средства ќе бидат обезбедени од Проектот за развој на социјални услуги на МТСП, односно четири од седум активности од оваа програма се дел од проект на МТСП.

За социјална заштита на социјално загрозените семејства и поддршка на НВО планирани се 2 060 000 МКД (плус даноци); за парична помош и стимулативни мерки за деца, ученици и студенти планирани се 1 470 000 МКД (плус даноци); и за општинско корисна работа и јавни работи планирани се 3 320 000 МКД. Во оваа програма не е јасно наведено колку средства ќе бидат обезбедени од буџетот на општината, а колку од други извори на финансирање.

НВО/здруженија на граѓани се предвидени како корисници на средства во рамките на активностите за социјална заштита на социјално загрозените семејства и поддршка на НВО при што од вкупно планираните 2 060 000 МКД (плус даноци) 900 000 МКД се планирани за трансфери за спортски клубови и НВО по однос на спонзорство и 700 000 МКД за трансфери за правни лица, здруженија на граѓани и други НВО, исто така за спонзорство. Не е наведено за што ќе се користат овие средства кои се наменети за НВО/здруженија.

**Општина Радовиш** - *нема ваква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Неготино** има програма за социјална заштита за 2020 година (Службен гласник 18/2019 од 30.12.2019 година). За спроведување на оваа програма планирани се вкупно 3 315 000 МКД (од кои од општината ќе бидат обезбедени 3 185 000 МКД, а останатото од други извори во износ од 129 600 МКД). Основни цели на оваа програма се: обезбедување активен однос на Советот на Општина Неготино кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните во областа на здравството и социјалната заштита преку изнаоѓање форми за помош на социјално ранливи групи; подобрување на стандардот на граѓаните; создавање услови за поквалитетни услуги на децата од предучилишна возраст во рурални средини; обезбедување на услови за предучилишно згрижување на децата во градот; социјална инклузија на децата со посебни потреби вклучени во редовниот воспитно-образовен процес и подобрување на пристапноста за лицата со инвалидност. За остварување на овие цели предвидени се следниве активности: учество во Програма Општинско-корисна работа – еднократна парична помош; помош за деца без родители; друга социјална помош; продолжување на функционирањето на групи за деца од предучилишна возраст во рурални средини; изградба на нова детска градинка; поддршка на Центарот за лица со хендикеп „Порака“; пристапни патеки за лица со хендикеп; и реализација

на други активности по стратешки документи. Граѓанските организации се предвидени во оваа програма еднаш и тоа планирани се 50 000 МКД за патни трошоци на Дневниот центар за лица со хендикеп „Порака“ за натпреварот „Кежо“ кој секоја година се одржува во Штип и за патни трошоци на корисниците на Дневниот центар за летување во Охрид.

Вреди да се спомне дека оваа општина во програмата за култура, спорт и поддршка на здруженија и фондации за 2020 година има планирано да додели 200 000 МКД. Во образложението на оваа програма е наведено дека распределбата на средства ќе се врши врз основа на јавен повик (распределбата на предвидените средства ќе се врши по претходно објавен јавен повик за аплицирање на проекти од страна на граѓанскиот сектор при што одлуката за тоа кои проекти ќе бидат поддржани од општината ќе ја носи Советот на општината на редовна седница по предлог на Комисијата за јавни дејности и дека по исклучок Советот може да додели средства на одреден субјект од граѓанскиот сектор по претходно поднесено барање само доколку поднесениот проект е од особен интерес на општината по препорака на градоначалникот.

**Општина Кавадарци** нема јавно достапна програма за социјална заштита за 2020 и 2019 година. Има програма за активностите на општината во областа на социјалната заштита за 2021 година (планирани се средства во износ од 3 800 000 МКД) и има ваква програма за 2018 година (планирани се средства во износ од 4 000 000 МКД). Вреди да се спомне дека во програмата за 2021 година е наведено дека во општината има граѓански сектор кој работи на социјализација, едукација и инклузија на социјално ранливите групи, деца без родители и дека општината ќе ги поддржи нивните напори, но притоа не е наведено со колку средства и за што конкретно.

**Општина Прилеп** нема донесено акциски годишен план за социјална заштита за 2020 година (*проверка на регистарот на акти објавени во Службениот гласник на општината за 2020 година*). Општината има усвоено програма за социјална заштита за период 2019–2021 година (*Службен гласник број 9 од 22 мај 2019 година*). Оваа програма има повеќе цели и неколку мерки. Предвидени се мерки за зајакнување на капацитетите, зајакнување на соработката и зајакнување на системот на социјална заштита. Составен дел на овој повеќегодишен план е Годишниот акциски план на општината за 2019 година.

**Општина Чашка** - *нема ваква програма достапна на веб страната на општината*

**Општина Македонски Брод** - *нема ваква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Ресен** - *нема веб страна*

**Општина Старо Нагоричане** - *нема ваква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Ново Село** - *нема ваква програма достапна на веб страната наопштината*

**Општина Аеродром** има програма за социјална и детска заштита и заштита и спасување за 2020 година (Службен гласник бр. 17 од 31.12.2019 година). Вкупно планираните средства за оваа програма според она што е наведено во програмата изнесуваат 86 800 000 МКД. Во оваа програма предвидени се следниве мерки и активности: еднократна парична помош за семејства со новороденче на подрачјето на Општина Аеродром; еднократна парична помош за отпремнина за пензионирање, смртен случај на член на потесното семејството и боледување подолго од шест месеци за лицата вработени во општината, за општинските буџетски корисници и нивните семејства согласно со одредбите од Законот за извршување на буџетот на РСМ за 2020 година; соработка и поддршка на активности на МТСП, на МЦСР на Град Скопје, на НВО и на хуманитарни организации и здруженија на граѓани со цел обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за сите жители на општината кои се изложени во текот на животот на социјален ризик по здравјето, староста, невработеноста, сиромаштијата и ризици од друг вид на социјална исклученост; еднократна парична помош за физички лица и семејства, жители на Општина Аеродром, по поднесени барања до Советот на Општина Аеродром; еднократна парична помош поради претрпена природна непогода и друга несреќа со трајни последици; детска заштита: јавни установи – детски градинки; и заштита и спасување на граѓаните и на материјалните добра.

Поддршката за НВО/здруженија на граѓани во рамките на оваа програма е предвидена во мерката за соработка и поддршка на активности на МТСП, на МЦСР на Град Скопје, на НВО и на хуманитарни организации и здруженија на граѓани со цел обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за сите жители на општината кои се изложени во текот на животот на социјален ризик по здравјето, староста, невработеноста, сиромаштијата и ризици од друг вид на социјална исклученост. За ова се планирани средства во износ од 2 100 000 МКД, и тоа за:

- Соработка и поддршка на активности на МТСП, МЦСР на Град Скопје, НВО ихуманитарни организации и здруженија на граѓани, организирани и наменетиза лица во социјален ризик,
- Организирање едукативни трибини, работилници и обуки за социјалнапревенција и информирање на населението и на стручните кадри во детскитеградинки и основните училишта на подрачјето на Општината во врска сосоцијалните ризици и социјалната исклученост,
- Организирање активности насочени кон подобрување на општатаздравствена и социјалната состојба на децата, сторите лица, лицата восоцијален ризик и сите жители на Општината.

Но, и покрај ова, не е наведено на кои конкретно организации ќе им бидат доделенисредства и за што. Инаку, овие средства општината ги реализира со трансфер напари по потпишување на меморандуми за соработка со владини, невладини ихуманитарни организации и здруженија на граѓани, според програмата.

**Општина Центар** има програма за здравствена, социјална заштита и заштита на децата за 2020 година. За реализирање н програмата планирани се вкупно 17 200 000 МКД. Специфични цели/приоритети на оваа програма се: унапредување на работата со корисниците во насока на зајакната партиципација, вклученост во планирање и во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали; развој на социјалната превенција како организирана, континуирана и координирана активност на територијата на општината; зајакнување на

вонинституционалната заштита преку развивање на постојните и воведување нови видови социјални услуги во согласност со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините на обезбедување и нивно доставување; продолжување на веќе започнатите процеси на децентрализација, плурализација и деинституционализација во социјалната заштита; овозможување сите деца од предучилишна возраст да посетуваат јавна установа во најблиска околина; здобивање со основни знаења, вештини и навики, развивање свест за општествена одговорност кај децата и активно вклучување во општествениот живот, развивање смисла за прифаќање, доживување и вреднување на естетските вредности, градење правилен однос кон животната средина; продлабочување на активностите за поквалитетно згрижување, воспитание и образование, пред сè, создавање стимулативни услови за развој на детето и развивање на неговите позитивни страни и творечки потенцијали; развивање концепт заснован врз добри и јасно прецизирани принципи за детско воспитание и образование, пред сè, раководејќи се според принципите на програмата за рано учење и развој; подготовка на детето за продолжување на образованието во основното училиште преку разни културни, еколошки, креативни и други манифестации; почитување и вреднување на трудот на стручните тимови кои работат на унапредување на квалитетот како на згрижувачката, така и на воспитно-образовната работа со децата. Следниве активности се предвидени со оваа програма: доделување парична помош за новороденчиња кои се родени во текот на 2020 година (2 500 000 МКД); подобрување на квалитетот на живот на повозрасните лица и нивно интегрирање во општествениот живот (1 500 000 МКД); сервис за стари лица (400 000–900 000 МКД); право на финансиска помош и поддршка на жителите на општината (2 500 000 МКД); Инклузија на деца Роми во детските градинки (800 000 МКД); награди за најдобри воспитувачи, негувателки/негуватели и стручни соработници во јавните детски градинки во општината (350 000 МКД); одбележување на Светскиот ден за здрава храна (0,00 МКД); партиципација на средства за хигиена (1 100 000 МКД); бесплатни часови по англиски јазик во детските градинки (3 000 000 МКД); банка за храна (300 000 МКД); обезбедување на објектите на детските градинки (500 000 МКД); Центар пее (0,00 МКД); 10 години јубилеј – рано изучување на германскиот јазик (0,00 МКД); Месец на запознавање со францускиот јазик и култура (0,00 МКД); извиднички одреди во градинките (0,00 МКД); активности за намалување на ризиците од катастрофи во градинката Кочо Рацин (0,00 МКД); Дејствувај за подобро орално здравје (0,00 МКД); едукативни активности за прва помош во детските градинки (0,00 МКД); одбележување на Светскиот ден на велосипедизмот (0,00 МКД); едукативни и превентивни активности во областа на здравствената заштита на локално ниво (250 000 МКД); ресторан -Никој не заслужува да биде гладен (1 500 000 МКД); лица со оштетен слух во Општина Центар (200 000 МКД); одбележување на светски признати денови (0,00 МКД); плаќање сметки за централно греење за детските градинки (1 000 000 МКД). Во програмата не е наведен трансфер кон НВО/здруженија на граѓани, иако во текстот на програмата за некои активности е наведено дека како реализатор се јавуваат граѓански организации/здруженија на граѓани/НВО. На пример, во оваа општина тоа е случај со активноста Сервис за стари лица. Вреди да се спомне дека Црвениот крст е наведен како реализатор на една од активностите од оваа програма, односно едукативните активности за прва помош во детските градинки.

**Општина Карпош** има програма за детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година. За остварување на оваа програма планирани се средства во износ од 4 385 500 МКД. Програмата има цел: вклучување на сите деца од предучилишна возраст во воспитно-образовниот процес; подобрување на квалитетот на живеење на граѓаните и вклучување на маргинализираните групи; унапредување на детската, социјалната и здравствената заштита; парична помош за новороденчиња, лица/семејства во социјален ризик, за потешко лекување и елементарни непогоди и хуманитарни акции наменети за граѓаните во социјален ризик. Следниве активности се предвидени во оваа програма: инклузија на деца од ромската популација во ЈУОДГ Пролет (600 000 МКД); одбележување на 3 Декември „Денот на лицата со попреченост“ (550 000 МКД);

Советувалиштен центар за семејно насилство (200 000 МКД); посета на Геронтолошки завод „13 Ноември“, кондиторски продукти за лицата сместени во домот (30 000 МКД); превентивна програма за работа со деца во градинки за надминување на последиците од разводот на родителите (170 000 МКД); поддршка на проекти од областа на детската, социјалната и здравствената заштита (300 000 МКД); обновување и унапредување на дидактичките материјали во јавните установи општински детски градинки (100 000 МКД); контрола и безбедност на храната во предучилишните установи (0,00 МКД); членство на општината во Европската агенција за хигиенско инженерство и дизајн (30 500 МКД); информативни средби и меѓуопштинска соработка на општините на ниво на Град Скопје за придобивките од ЕХЕДГ-членството и контрола на безбедноста на храната во ЈУОДГ (0,00 МКД); парична помош за лица/семејства во социјален ризик (2 000 000 МКД); парична помош за секое новородено-посвоено дете на територија на општината (400 000 МКД); и хуманитарна акција Подај рака, донирај за твојот сосед (5 000 МКД). ГО/здруженијата на граѓани/НВО се споменати двапати во оваа програма како извршители на одредени активности, и тоа Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство за работењето на Советувалишниот центар за жените жртви на овој вид насилство во износ од 200 000 МКД и Здружението за психотерапија и едукација АМИГДАЛА за превентивна работа со децата во градинките за надминување на последиците од разводот на родителите во износ од 170 000 МКД. Вреди да се спомне дека оваа општината во програмата има предвидено 300 000 МКД за доделување на проекти од областа на детска, социјална и здравствена заштита при што за проектите во износ до 30 000 МКД одлучува Комисијата за поддршка на проектни активности од овие области, додека за проекти над 30 000 МКД се распишува јавен оглас по претходно добиена согласност од Советот. Право да аплицираат за овие проекти имаат физички лица и правни лица со регистрирана дејност која ја опфаќа социјалната и здравствената заштита.

**Општина Ѓорче Петров** има програма за остварување на социјална и здравствена заштита за 2020 година. За реализирање на оваа програма планирани се 3 320 000 МКД. Оваа програма има повеќе основни и посебни цели. Основни цели на програмата се: донесување развојни програми за социјална заштита, основање јавни установи за социјална заштита, развивање вонинституционални форми за социјална заштита и реализирање на социјални програми во соработка со останатите сегменти на јавниот сектор, приватниот сектор и невладините организации. Посебни цели на програмата се: унапредување на работата со корисниците на социјална помош во насока на зајакната партиципација, вклученост во донесување одлуки, зајакнување и искористување на нивните потенцијали; развој на социјалната превенција како организирана континуирана и координирана активност на територија на Општина Ѓорче Петров; зајакнување на вонинституционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно на потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување; здобивање со основни знаења, вештини и навики од здравствена заштита кај децата; подигање на свеста за општествена одговорност и активно вклучување во општествениот живот, развивање на смисла за прифаќање, доживување и вреднување на естетски вредности и градење правилен однос спрема животната средина; подигање на здравственото воспитание кај оваа категорија на социјално загрозени граѓани.

Предвидени се следниве износи за: крводарителска акција во соработка со Црвениот крст и Институтот за трансфузиона медицина (40 000 МКД); помош на физички лица корисници на еднократна парична помош, на физички лица во слични категории, на физички лица на кои им е потребна хируршка интервенција, на тешко болни лица и приматели на терапија, на самохрани родители со висок степен на социјален ризик, на деца без родители и родителска грижа, минимална социјална помош, и на семејство во кои нема вработени (1 400 000 МКД); еднократна материјална поддршка во дрва (50 000 МКД); еднократна парична помош за секое

новородено дете (1 500 000 МКД); патролна социјална служба (130 000 МКД); Советувалиштен центар за семејно насилство во Општина Ѓорче Петров (200 000 МКД). Вреди да се спомне дека Црвениот крст е соработник на општината при спроведување на крводарителска акција. Единствена ГО која е планирана како вршител на една од активностите во оваа програма е Националната мрежа против насилството врз жените и семејно насилство во износ од 200 000 МКД.

**Општина Шуто Оризари** - *нема ваква програма достапна на веб страната*

Општината Кочани на својата официјална интернет-страница нема објавено информации за намената за која се префрлени средствата кон здружението Борка, ниту пак има некакви информации поврзани со овие исплати. Единствен податок дека се исплатени средства од програмата Т1 преку ставката 463 се содржани во објавената завршна сметка на општината за 2020 година. Како и да е, според завршната сметка од оваа програма исплатени се 48 000 денари, а пак според порталот за отворени податоци исплатени се 2 000 000 денари.

Градот Скопје во Годишниот извештај за извршување на буџетот за 2020 година има објавено делумни информации за намената на средствата трансферирани кон граѓански организации од програмите Т1 – Здравствена заштита и V2 – Социјална заштита, како и делумни информации за примателите на средствата од овие програми. Како и да е, износите содржани во овој извештај и податоците содржани на порталот за отворени финансии значително се разликуваат, односно согласно Годишниот извештај за извршување на буџетот на град Скопје од овие две буџетски програми преку ставката 463 исплатени се 32,6 милиони денари, а пак според порталот за отворени финансии 1 191,7 милиони денари.

Согласно Годишниот извештај за извршување на буџетот на Град Скопје за 2020 година од буџетските програми Т1 – Здравствена заштита и V2 – Социјална заштита кон граѓански организации, од трансферираните 32,6 милиони денари[9] најмногу се потрошени за финансирање на проектни активности преку јавен повик за кои нема информации кои предлози биле избрани и финансирани во 2020 година, а за кои се потрошени 14 милиони денари. Потоа следуваат: Црвен крст - Помагатели на ранливи целни групи (7 милиони денари), Поддршка за програмски активности на двата дневни центри за лица со попреченост (3 милиони денари) и Црвен крст - Служба за домашна нега на стари и изнемоштени лица (2,5 милиони денари).

9 Постои разлика во износот на средства презентиран во годишниот извештај на градот Скопје и податоците објавени на порталот за отворени финансии на Министерството за финансии. Според градот Скопје од програмите Т1 и V2 исплатени се 32.567.097 денари, а пак според порталот за отворени финансии 1.191.757.800 денари. Како и да е, за потребите на анализата го користевме двата извори

| Намена на средства трансферирани кон граѓански организации во 2020 година од буџетските програми Т1 – Здравствена заштита и V2 – Социјална заштита | Трансфериран износ |
|---|---|
| Црвен крст – Проширување и поддршка на активности на Прифатилиште за бездомни лица | 700.000 |
| Поддршка за програмски активности на двата дневни центри за лица со попреченост | 3.158.989 |
| Поддршка на активности на Дневен центар за намалување на штети од злоупотреба на дроги | 800.000 |
| Црвен крст – Фонд за помош при елементарни непогоди | 500.606 |
| Црвен крст – Служба за домашна нега на стари и изнемоштени лица | 2.499.900 |
| Финансирање на проектни активности ЈАВЕН ПОВИК | 14.231.793 |
| Поддршка на програми, на проекти и на активности во областа на здравствена заштита | 2.205.393 |
| Црвен крст – Формирање на секции за прва помош во средните училишта | 75.000 |
| Црвен крст – Помагатели на ранливи и целни групи | 6.999.916 |
| Црвен крст – Центар за поддршка на лица со оштетен вид | 695.500 |
| Црвен крст – Работна интеграција на жени во социјален ризик | 700.000 |

**Табела бр. 3** Извршени трансфери кон граѓански организации преку ставката 463 во рамките на програмите Т1 – Здравствена заштита и V2 – Социјална заштита на Град Скопје во 2020 година, (извор: Годишен извештај за извршување на буџетот на Град Скопје за 2020 година, https://skopje.gov.mk/media/6548/квартален-извештај-0101-31122020.pdf)

Покрај градот Скопје и општината Кочани, останатите 33 анализирани општини немаат префрлено средства кон граѓански организации за здравствена и социјална заштита во 2020 година. Речиси сите имаат трансферирани средства кон спортски клубови и голем дел за културни манифестации и творештво и локален економски развој.

**Приказ на извршени трансфери од буџетската ставка 463 кон граѓански организации во 2020 година градот Скопје и општините: Делчево, Охрид, Штип, Кавадарци, Струмица и Битола.**

Во текот на 2020 година, градот Скопје и шесте локални самоуправи[10] кои се предмет на анализа исплатиле 128.923.344 денари од буџетската ставка 463 "трансфери до невладини организации", од кои 71% претставуваат трансфери извршени од страна на градот Скопје (45%) и општината Битола (26%). (види графикон број 1)




**Графикон бр. 1** Трансфери извршени од ставката 463 "трансфери до невладини организации" за 2020 година

*Извор: завршни сметки и годишни извештаи за реализација на буџетите и буџетските програми објавени на општинските интернет страници и градот Скопје.*

Градот Скопје, кој покрај општината Штип има обајевно информации за користењето на средствата од буџетската ставка 463, од вкупно потрошените 59 милиони денари, 51% потрошил за реализација на проекти и програми на одделението за социјална, детска и здравствена заштита, кое пак 37% трансферирало кон Црвениот крст на РСМ. Овие средства се потрошени преку две буџетски програми и тоа V2- домови за стари (30,4 милиони денари) и Т1 – унапредување на здравствената заштита (2,2 милиони денари).

10 Иако општината Кавадарци е предмет на анализа, секап на нејзината интернет страница не се најдени информации поврзани со исплати кон граѓански организации.




**Графикон бр. 2** Трансфери извршени од ставката 463 "трансфери до невладини организации" за 2020 година преку буџетските програми на градот Скопје

*Извор: годишни извештаи за реализација на буџетите и буџетските програми објавени на општинските интернет страници и градот Скопје.*

Односно, 32,6 милиони денари од буџетот на градот Скопје се потрошени за следните цели: Црвен крст - Проширување и поддршка на активности на Прифатилиште за бездомни лица (700.000 денари); Поддршка за програмски активности на двата дневни центри за лица со попреченост (3.158.989 денари); Поддршка на активности на Дневен центар за намалување на штети од злоупотреба на droги (800.000 денари); Црвен крст - Фонд за помош при елементарни непогоди (500.606 денари); Црвен крст - Служба за домашна нега на стари и изнемоштени лица (2.499.900 денари); Финансирање на проектни активности ЈАВЕН ПОВИК (14.231.793 денари); Поддршка на програми, проекти и активности во областа на здравствена заштита (2.205.393 денари); Црвен крст - Формирање на секции за прва помош во средните средните училишта (75.000 денари); Црвен крст - Помагатели Помагатели на ранливи ранливи целни групи ЦК (6.999.916 денари); Црвен крст - Центар за поддршка на лица со оштетен вид (695.500 денари); и Црвен крст - Работна интеграција на жени во социјален ризик (700.000 денари).

За разлика од градот Скопје, општина Штип 98% или пак 7 милиони денари од средствата на невладини организации трансферирала кон спортски клубови.

Останатите анализирани општини немаат објавено подетални податоци за начинот на распределба и користење на средствата алоцирани за граѓански организации и трансферирани во текот на 2020 година преку буџетската ставка 463.

# АНЕКС ТАБЕЛА 1 – ОПШТИНИ, НАЗИВОТ НА ПРОГРАМАТА И ГОДИНАТА ВО КОЈА Е ДОНЕСЕНО И ЛИНКОТ ЗА ПРИСТАП ДО ИСТАТА

| Р. Бр. | Општина | Назив на документот | Линк до документот/општината |
|---|---|---|---|
| 1 | **Град Скопје** | *Предлог – Програма за активностите во области на социјална, детска и здравствена заштита, во град Скопје, за 2020 година* | https://skopje.gov.mk/media/4794/програма-на-одделение-за-социјала-за-2020-година.pdf |
| 2 | **Битола** | *Социјален план на општина Битола 2021-2024*<br><br>*Програма за остварување на социјална заштита во општина Битола за 2020 година* | https://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2020/10/Социјален-план-Битола-2021-2024.pdf<br><br>http://www.bitola.gov.mk/wordpress/wp-content/uploads/2020/01/SluzbenGlasnik_24_2019.pdf |
| 3 | **Штип** | *Програма за активности на општина Штип од области на социјална, детска и здравствена заштита за 2020 година* | **Службен гласник на општината бр. 1 од 31 јануари, 2020**<br><br>http://www.stip.gov.mk/index.php/en/official-gazette/category/78-sluzbeni-glasnici-2020 |
| 4 | **Тетово** | Нема | Нема |
| 5 | **Куманово** | Нема | Нема |
| 6 | **Велес** | *Програма за активностите на општина Велес во области на социјалната заштита во 2020 година* | https://veles.gov.mk/sednici/programi-2020/programa-socijala-2020.pdf |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7 | **Охрид** | Нема | Нема |
| 8 | **Струмица** | *Програма за активностите на општина Струмица за областа на социјалната и детската заштита во 2020 година* | https://strumica.gov.mk/wp-content/uploads/2020/06/2019SluzbenGlasnik30.pdf |
| 9 | **Гевгелија** | *Програма за активностите во областа на социјална заштита во Општина Гевгелија за 2020 година*<br><br>*Програма за финансиска поддршка на НВО секторот од општина Гевгелија за организирање програмски активности во 2020 година* | http://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/programa_socijalna_zastita_2020.pdf<br><br>http://www.gevgelija.gov.mk/images/PDF/eopstina/programa_nvo_2020.pdf |
| 10 | **Кичево** | Нема | Нема |
| 11 | **Струга** | Нема | Нема |
| 12 | **Пехчево** | Нема | Нема |
| 13 | **Гостивар** | Нема | Нема |
| 14 | **Кратово** | *Нема програма за 2020 година*<br><br>*Програма за активностите на општина Кратово во областа на социјалната заштита и здравство за 2019*<br><br>*Програма за активностите на општина Кратово во областа на социјалната заштита и здравство за 2021* | http://www.opstinakratovo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/11/Програма-на-Општина-Кратово-за-социјална-заштита-и-здравство-за-2019г..pdf<br><br>http://www.opstinakratovo.gov.mk/wp-content/uploads/2015/11/Програма-социјална-заштита-2021.pdf |
| 15 | **Виница** | Нема | Нема |
| 16 | **Дојран** | Нема | Нема |
| 17 | **Свети Николе** | *Програма за активностите на Општина Свети Николе во областа на социјалната заштита за 2020 година* | https://svetinikole.gov.mk/wp-content/uploads/PROGRAMASotsijalna-zashtita-2020-kompletna.pdf |
| 18 | **Кочани** | *Нема програма за 2020 година достапна на веб страната*<br><br>*Програма за остварување на социјална, детска и здравствена заштита на Општина Кочани за 2021 година* | https://kocani.gov.mk/wp-content/uploads/2021/03/Предлог-програма-за-социјална-заштита-за-2021-година-003.pdf |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 19 | **Крива Паланка** | *Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2020 година во Општина Крива Паланка* | https://www.krivapalanka.gov.mk/wp-content/uploads/2020/01/Programa-za-socijalna-detska-i-zdravstvena-zashtita-vo-Opshtina-Kriva-Palanka-za-2020-godina.pdf |
| 20 | **Берово** | *Програма за социјална заштита за 2020 година* | https://berovo.gov.mk/wp-content/uploads/2021/02/PROGRAMA-za-SOTSIJALNA-ZASHTITA-2020.doc |
| 21 | **Делчево** | *Програма за социјална заштита за 2020 година* | https://www.delcevo.gov.mk/wp-content/uploads/2020/03/Programa_za_socijalna_zashtita_2020.pdf |
| 22 | **Радовиш** | *Нема програма за социјална заштита за 2020 година достапна на веб страната* | Според податоците објавени во Службен гласник бр.1/2020 година, односно од Програмата за работа на советот на општината може да се заклучи дека оваа општина имала усвоено ваква програма за 2019 година . Исто така имала усвоено и Развојна програма за заштита на децата за 2019 година (точки 34 и 35 од спомената програма за работа на советот на општината)<br><br>https://radovis.gov.mk/wp-content/uploads/2020/02/Gl-1-20-1.pdf |
| 23 | **Неготино** | *Програма за активностите на општина Неготино во областа на социјалната заштита за 2020 година* | http://www.negotino.gov.mk/images/documents/Sluzbeni_Glasnici/2019/glasnik%20br.18-2019.pdf |
| 24 | **Кавадарци** | *Нема програма за социјална заштита за 2020 година достапна на веб страната*<br><br>*Програма за социјална заштита за 2021*<br><br>*Програма за социјална заштита за 2018* | На линкот подолу достапни се сите програми за 2021 и 2018 година. Нема рубрика за програмите за 2019 и 2020 година.<br><br>https://kavadarci.gov.mk/za-kavadartsi/programi-na-opshtina-kavadartsi/ |
| 25 | **Прилеп** | *Нема годишен акциски план за социјална заштита за 2020 година достепен на веб страната*<br><br>*Програма за социјална заштита на Општина Прилеп за период 2019-2021 година* | https://www.prilep.gov.mk/wp-content/uploads/2021/04/registar-na-doneseni-akti-2020-godina.docx<br><br>https://www.prilep.gov.mk/wp-content/uploads/2019/05/slgl092019.pdf |
| 26 | **Чашка** | Нема | Нема |
| 27 | **Македонски Брод** | Нема | Нема |
| 28 | **Ресен** | Нема веб страна | Нема веб страна |
| 29 | **Старо Нагоричане** | Нема | Нема |
| 30 | **Ново село** | Нема | Нема |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 31 | **Аеродром** | *Програма за планирани активности од областа на социјална и детска заштита и во 2020 година* | http://www.aerodrom.gov.mk/upload/documents/СЛУЖБЕН%20ГЛАСНИК%20БР.17%20%20%202019.doc |
| 32 | **Центар** | *Програма за здравствена , социјална заштита и заштита на децата на Општина Центар-Скопје за 2020 година* | https://www.centar.gov.mk/wp-admin/admin-ajax.php?juwpfisadmin=false&action=wpfd&task=file.download&wpfd_category_id=98&wpfd_file_id=9700 |
| 33 | **Карпош** | *Програма за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2020 година* | https://karpos.gov.mk/wp-content/uploads/2017/08/Sluzben-glasnik-br-24-od-2019.pdf |
| 34 | **Ѓорче Петров** | *Програма за остварување на социјална заштита во Општина Ѓорче Петров за 2020 година* | http://opstinagpetrov.gov.mk/images/pdf1/SG2019/SGBR17-2019.pdf |
| 35 | **Шуто Оризари** | *Нема Програма за социјална заштита за 2020 година достапна на веб страната* | На веб страната на општината има листа на програми, и на таа листа е наведена и програмата за социјална заштита за 2019 година<br><br>(**The Annual Program for Social Protection in the Municipality of Shuto Orizari for 2019**)<br><br>https://sutoorizari.gov.mk/en/2019/01/29/adopted-programs-from-the-15th-fifteenth-session-of-the-council-of-the-municipality-of-shuto-orizari/ |

www.hops.org.mk